Општина Шуто Оризари-Komuna Šuto Orizari-Komuna Shuto Orizari
Република Северна Македонија-Republika Utarali Makedonija-Republika e Maqedonisë së Veriut

Бр- No-Nr. 20-495/16
12.11. 2026 год- berš-viti
СКОПЈЕ- SKOPJE-SHKUP

Врз основа на член 50 став (1) точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 6.1 од Посебните услови на Договорот за грант бр. 001920833 2024 10520 028 004 000 001-3 и Анекс IV – Правила за набавки за корисниците, по Јавниот повик бр. 09-495/12 од 29.10.2026 година, градоначалникот на Општина Шуто Оризари ја донесува следната

Одлука за поништување на постапката за набавка

1. Се поништува постапката за набавка на лаптоп и мултифункциски колор принтер по Јавниот повик бр. 09-495/12 од 29.10.2026 година, објавен на 30.10.2026 година во рамки на проектот „Bridging Cultures Through Heritage – CULTURoma“, бидејќи не е примена ниту една понуда.

2. Се задолжува лицето за контакт наведено во Јавниот повик да обезбеди објавување на известувањето за поништување на истото место каде што е објавен повикот. Одлуката, службената белешка и доказот за објавување се приложуваат во досието на набавката.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

По проверка на службеното електронско сандаче определено за прием на понуди, со службената белешка бр. 20-495/15 од 12.11.2026 година е утврдено дека по Јавниот повик не е примена ниту една понуда. Со оглед на тоа што нема понуди врз основа на кои може да се изврши избор, градоначалникот ја поништува постапката.

Прилог – Службена белешка за проверка на приемот на понуди.

Градоначалник на Општина Шуто Оризари
Курто Дудуш